**Известување за концентрација со која УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. Словенија стекнува целосна контрола над УНИЈА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје**

**(предмет бр. 08-107/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.07.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. Словенија, со регистрирано седиште на Тржашка улица бр.515, 1351 Брезовица, Љубљана, Република Словенија, стекнува целосна контрола над УНИЈА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 8-ма Ударна Бригада бр.39, Скопје - Центар, преку стекнување на 100% од уделот.

Друштвото ЕТЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ АГ СТЕУЕРБЕРАТУНГСГЕСЕЛЛСЦХАФТ е сопственик на мнозински удел од 60% во Стекнувачот УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. (во понатамошниот текст "ЕТЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ"). ЕТЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ е сопственик на друштва од целиот свет кои работат во областа на даночното советување и сметководството и претставува светска интердисциплинарна мрежа на професионалци и меѓународна деловна платформа, која нуди огромни можности и алатки за друштвата и претприемачите, особено во секторот за мали и средни претпријатија (https://www.etl-global.com/).

Претежна дејност на УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. т.е на стекнувачот е холдинг на компании, односно управување и капитално учество во компании кои обезбедуваат финансиски услуги, како што се сметководство, ИТ решенија и советување, преку висококвалитетни услуги и напредни решенија, како и висок степен на доверба од страна на клиентите и на професионалната јавност.

УНИЈА ХОЛДИНГ Д.О.О. нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку поседување на удел, ниту преку управувачко влијание.

УНИЈА КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје или Целното Друштво е друштво со ограничена одговорност чија регистрирана приоритетна дејност е сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување. Целното друштво ги продава своите услуги од областа на сметководство, пресметка на плата и советување на надворешни клиенти, односно врши директна продажба базирана на состаноци и претставување на услуги.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

26.07.2024 година

Скопје